Врз основа на член 22 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), Министерот на Министерството за транспорт и врски распишува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доставување на предлози за изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации

Заради поттикнување и забрзување на процесот на уредување на просторот, Владата на Република Македонија донесува Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации на предлог на Министерството за транспорт и врски.

Се известуваат општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје дека се објавува **Јавен повик** за доставување на предлози за изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации.

- **Јавниот повик ќе трае од 08.06.2018 година до 09.07.2018 година**, во кој рок ќе можат да се достават предлозите за изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации. Предлозите кои нема да бидат поднесени во текот на јавниот повик нема да бидат предмет на разгледување.
- **Јавниот повик ќе биде објавен на** информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Министерството за транспорт и врски на следната адреса www.mtc.gov.mk (како и во два печатени медиуми).
- **Општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје** предлозите за изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации и урбанистичко-проектни документации можат во текот на јавниот повик да ги доставуваат до Министерството за транспорт и врски во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.
- Изработката на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации утврдени во Годишната програма за финансирање на

изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации за 2018 година се врши од страна на Агенцијата за планирање на просторот.

- Изработката на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации утврдени во Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации за 2018 година се финансира од Буџетот на Република Македонија. По исклучок на погоре наведеното, изработката на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации може да се финансира односно кофинансира и со средства од Буџетот на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, како и од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Министер за транспорт и врски
Горан Сугарески